З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-21
Датум: 11.5.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	/
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	/
Број на сметка на субјектот Банка депонент	

Одговорно/и лице/а на субјектот:

Име и презиме од Скопје	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	30.4.2020 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	8.5.2020 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15.30
Назив на објектот - инсталацијата каде се врши надзорот	Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор		
Главна дејност на објектот-	/		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

инсталацијата каде се врши надзорот	
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Иницијатива бр. 22-2877/1 од 28.2.2020 г., од Одделението за визуелни уметности, архитектура и дизајн при Секторот за дејности од областа на културата и уметноста.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Маја Митревска, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од [redacted] денари, од одобрени [redacted] денари, согласно со Договорот бр. 22-4598/1 од 11.4.2019 година, за учество во финасирање на Проектите – „[redacted]“ од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн како и доставување на финасиски извештај до МК. Со Решение за преведување на средства бр. 22-4598/2 од 5.6.2019 г., на заменик-министерот за култура на 17.6.2019 г., преку Авторската агенција „Веда“ од Скопје, на корисникот за проектот „[redacted]“ преведени му се [redacted] денари, додека за проектот „[redacted]“ преведени му се [redacted] денари.

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
[redacted] корисник		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот- субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10) За почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, со Допис Ип 1 бр. 57-21 од 6.3.2020 г., е известен корисникот, во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019 - во натамошниот текст: ЗИН).

11) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

12) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

За трошењето на преведените програмски средства во износ од денари од МК, за Проектот кој што требало да биде реализиран во период од 1.6 – 1.12.2019 година, во кино салата на Музејот на РСМ, утврдено е следното:
Според Оперативниот и финасиски план за користење на буџетските средства за реализација на проектот кој што е составен дел на Договорот и Барањето за преведување на одобрените средства, а кој што корисникот ги доставил до МК на 10.5.2019 година, предвидено било денари да се потрошат за материјални трошоци (изнајмување на опрема за презентација на анимираниот филм, печатење на публикација од изработените детски анимации, постери, набавка на материјали, хамер, колаж хартија, моливи, глина, рапитографи, подвижни паноа...), и денари за организациски трошоци (изнајмување на простор, трошоци за храна и освежителни пијалоци), а за крај било планирано изработка на колекција на цртани филмови за кои ке има јавна презентација, и со кои ке биде конкурирано на детски аматерски фастивали за анимиран филм.
Но, според презентираната документација како и според наративниот и финасиски извештај за реализација на проектот доставен на 28.11.2019 г., до Секторот за визуелни уметности, архитектура и дизајн на Министерството за култура, корисникот не се придржувал до наведеното доставениот оперативен и финансиски план и буџетските средства во износ од денари ги потрошил за:

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- денари за исплата на хонорари за учесници во проектот односно
) денари на
денари за техничка поддршка на лицето
едукатор и денари се исплатени на
вајар;
- (денари за набавка на метаријали за реализација на проектот по повеќе сметко – потврди со фискални сметки од Скопје;
денари за набавка на материјали кои што не се поврзани со реализација на проектот по повеќе сметко – потврди и со фискални сметки од
,
[ ],
денари се потрошени за храна и домашни секојдневни потреби од
маркет

-за преостанатиот дел од средствата во износ од денари не е доставена документација

Додека, за трошењето на преведените програмски средства во износ од денари од МК, за Проектот кој што исто така требало да биде реализиран во период од 1.6 – 1.12.2019 година, во кино салата на Музејот на РСМ, утврдено е следното:
Според Оперативниот и финасиски план за користење на буџетските средства за реализација на проектот кој што е составен дел на Договорот и Барањето за преведување на одобрените средства, а кој што корисникот ги доставил до МК на 10.5.2019 година, предвидено било одобрените средства во износ од енари да се потрошат за материјални трошоци (изнајмување на техничка опрема, печатење на публикација од изработените детски стрипови, хонорар за преведувач на публикацијата од македонски на албански јазик, набавка на хамер, колаж хартија, моливи, фломастери, рапитографи, маркери...), а за крај било предвидено и одржување на јавна презентација (мини изложба), за промоција на испечатениот стрип и со кои ке биде конкурирано на детски аматерски фастивали за стрип.
Исто така, и за овој проект, според презентираната документација како и според наративниот и финасиски извештај за реализација на проектот доставен на 28.11.2019 г., до Секторот за визуелни уметности, архитектура и дизајн на Министерството за култура, корисникот не се придржувал до наведеното во доставениот оперативен и финансиски план и буџетските средства во износ од денари ги потрошил за:

- денари за исплата на хонорари за учесници во проектот односно
денари на
денари за техничка поддршка на лицето
, но
едукатор и) денари се исплатени на (
не е наведено за што и се исплатени средствата;
- денари за материјални трошоци-набавка на материјали од
, по повеќе сметко – потврди со фискални сметки;
- за преостанатиот дел од средствата во износ од денари не е приложена документација.

Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека преведените средства во износ од денари за Проектите
- „ „ од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн, корисникот ги потрошил ненаменски односно денари за секојдневни домашни потреби, во функција за реализација на проектите односно за набавка на материјали потрошил само денари, додека за трошењето на преостанатиот дел од преведените буџетски средства во износ од денари не е доставена никаква документација, што не е во согласност со Оперативните и финасиски планови кој што се составен дел од Договорот и што е обврска по член 68 став (2) од ЗК.

Оттука, се констатира дека финасираните проекти со средствата од Буџетот на РСМ во 2019 година, не се реализирани, особено имајќи го предвид фактот дека не се доставени соодветни докази за нивна реализација и тоа: за одржана јавна презентација за проектите, не се презентирани трошоци за изнајмување на простор и опрема за реализација на проектите како и трошоци за хонорар за преведувач од македонски на албански јазик, не е презентиран примерок од испечатен стрип како и изработка на колекција на цртани филмови ниту пак доказ дека се пратени апликации за учество на аматерски меѓународни детски фестивали за цртани филмови и стрипови.

Имајќи го предвид горенаведеното, констатирана е повреда на членот 68 од ЗК, а што е казниво по член 91-а став (3), поради што инспекторот ќе преземе инспекциска мерка, односно ќе донесе решение со кое на субјектот на надзорот ќе му се нареди во определен рок да ја отстрани утврдената неправилност. Доколку истата не ја отстрани во дадениот рок, ќе му биде изречена глоба за сторен прекршок со издавање на прекршочен платен налог.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен корисникот, односно субјектот на надзорот, кој што изјави дека дополнително ќе даде забелешки на записникот во писмена форма .

14)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:/

Потпис на претставникот на субјектот на надзор: корисник		Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор	
Датум:	11.5.2020 г.	Датум:	11.5.2020 г.

На 27.5.2020г. лично
врати записникот непотписан и без забелешки

Присутни: Маја Митревска

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk